***Проект „Оценување за учење: Поставување и употреба на критериуми за успех по математика и природни науки во основно образование“ (Програма ЕРАЗМУС+ број на договор 2016-1-МК01-КА201-021703).***

Бирото за развој на образованието во соработка со партнерските организации Универзитетот Кембриџ од Обединетото Кралство и Фондацијата Афлатун од Холандија го спроведува проектот „Оценување за учење: Поставување и употреба на критериуми за успех по Математика и Природни науки во основно образование“ (програма ЕРАЗМУС+ број на договор 2016-1-МК01-КА201-021703).

На почетокот од учебната 2018/19 година пилот училиштата во Република Македонија формираа тимови за учење за Математика и Природни науки. Потоа, советниците од Бирото за развој на образованието ги обучија тимовите за планирање и реализација на часови согласно **методологијата за водење на студија на наставен час**. Во тек е реализација на часовите со користење на материјалите од модулите за обука на наставници за оценување за учење. Советниците ги следат часовите и даваат повратна информација за текот на часот, како и за постигнатите резултати во однос на оценувањето на вештините на учениците за решавање на проблеми, односно за научно истражување.